

# Студија на случај: Следливост на Храната

## Импелементација на GS1 Следливост меѓу Кина и Франција

Следливоста е важна грижа за производителита на храна во целиот свет, особено по неколкуте инциденти поврзани со квалитетот и безбедноста на храната се случија изминативе 10тина години. Потрошувачите се загрижени за квалитетот и безбедноста на храната, а компаниите прозиводители особено извозно ориентираните се соочуваат со растечки меѓународен притисок да докажат дека храната е безбедна за кунзумација.
Следливоста е глобалната грижа за сите производители и со оглед на зголемената загриженост околу безбедноста на целокупниот процес на производство и ракување со храната,
Важноста на глобалните стандарди кои можат да им овозможат на производителите на грана следење и влегување во трага преку комуникациско поврзување на сите учесници во процесите долж синџирот на снабдување, стана важен фактор за сѐвкупниот квалитет и безбедност на прехранбените производи.




GS1 Глобалниот Стандард за Следливост е објавен од страна на GS1 и главно се користи во Европа за поддршка на сите национални и европски текови на стоки. Сите стоки увезени во Европа се проверуваат и следат до местото на испорака. Тоа се прави и за производите кои доаѓаат од Кина, чии производи се повеќе се увезуват, а со тоа се зголемуваат и можностите за појава на потешкотии при одвивање на процесите за повлекување и оповикување.
Кина вложува големи напори за безбедно одвивање на процесите и целосно повлекување и отповикување на небезбедните производи како на прехранбените така и на непрехранбените производи, преку имплементација на GS1 Глобалниот Стандард за Следливост.

### Цели и Задачи

GS1 Кина ѝ помогна на Synbroad Ltd да се воспостави систем на следливост што им овозможи да постигнат усопгласеност со GS1 Стандардите кои се имплементирани и се применуваат во тековите на прехранбените стоки во Европа.
Casino веќе ги воведе овие стандарди во повеќето од своите Француски и Европски продажни локации, а во завршна фаза е целосното усогласување со своите партнери извозници од Кина во спроиведувањето на GS1 Стандардите.
Казино и GS1 веруваат во успешна примена на овие стандарди во корист на потрошувачите.

### Инволвирани страни

Покрај GS1 Кина која имаше улога на олеснувач и консултант во спроведување на проектот, во проектот учество зема и Synbroad Ltd, кој е еден кинески производител на храна, со долгогодишно искуство во производството на конзервирано овошје и зеленчук.
Принципот на компанијата е "квалитет + услуги + иновација". Следејќи го овој принцип, компанијата е успешен пазарен лидер во својата земја. Исто така, Synbroad има изградено стабилен деловен однос со многу европски трговци на мало, како нивен снабдувач со храна од доверба.

SynBroad

SDIS

Groupe Casino
NOURRIR UN MONDE DE DIVERSITÉ

CASINO Group поседува над 8.000 продавници во Франција и над 1.500 продавници надвор од Франција, главно во Јужна Америка и Југоисточна Азија (Тајланд, Виетнам). CASINO Group е силен поддржувач на GS1 Стандардите и се залага за нивно воведување во сите сфери на деловното работење. Команијата е спроведува целосна следливост во своите продавници чија големина варира од мали маалски продавници до огромни хипермаркети. CASINO GROUP исто така е позната како компанија ориентирана кон технолошки развој и користење на на системите за управување со податоците за производите и управување со процесите.

Провајдери на решенија:

- Шандонг Институт за Стандардизација (SDIS)
- Generix

Други учесници:

- GS1 Глобал Офис: Иницијатор на пилот проектот и консултант за Имплементација на Стандарди
- GS1 Кина: Изведувач на пилот проектот и главен планер, организатор, соработник и имплементатор и контролор на пилот проектот.
- GS1 France: Консултант за Имплементација на Стандарди

Опис на текот на процесите и текот на стоките
Synbroad Ltd ги идентификува кутиите со SSCC (Сериски Код на Контејнер за Испорака) и GS1 Логистичка Етикета на која се назначени Датумот „Најдобро до", Лот Бројот и GTIN на потрошувачка единица. Кога Synbroad Ltd товари кутии во контејнер, Логистичката Етикета се скенира и се генерира Отпремница (Dispatch Advice – DESADV) на крајот на товарниот процес. Оппремницата Synbroad Ltd ја испраќа до Casino користејќи ја услугата на EDI VAN оператор. Casino прави прием на контејнерот од Synbroad Ltd и ги палетизира кутиите во неговиот Дистрибутивен Центар.

Во текот на овој процес, ги проверува кутиите преку нивните SSCC броеви, споредувајќи со информациите во Отпемницата и формира палети кои ги содржат потребните информации за следливоста добиени преку електронската порака DESADV а назначени на логистичката етикета.

За секоја палета Casino генерира SSCC и ги додава податоците за следливоста добиени од националните трговци. Со овие детали, стоките кои доаѓаат од Synbroad Ltd можат да се следат и во случај на потреба да им се влезе во трага, да се направи отповик и нивно повлекување од продажбата.





## GS1 Стандарди имплементирани во проектот

- GTIN на сите финални потрошувачки пакувања
- SSCC за идентификација на кутиите и палетите
- GLN за идентификација на добавувачите
- GS1-128 на етикети на картонска амбалажа, на кои се содржат податоците за следливоста како што се Беч бројот, „најдобро до“ датумот, GTIN од потрошувачката единица и SSCC на кутијата.

## Бенефити и Резултати

- Подобрена следливост поради овозможениот електронски пристап до податоците за следливоста на инволвираните страни во процесите кои мораат да ги регистрират сите влезни и излезни следливи единици по електронски пат и со тоа се добива транспарентност на потрошрошувачката и производството, со што се засилува безбедноста на храната долж целиот синџир на снабдување.
- Усогласеност со Меѓународните Стандарди за Следливост
- Автоматицација на сите оперативни процеси кои се однесуваат на следливоста во компаниите
- Засилување на усогласеноста компетитивната усогласеност на Synbroad со Европскиот Закон за Храна

## Предизвици и барања

- Тренинг и Учење на GS1 Стандардите (GS1-128, GS1 EANCOM® DESADV)
- Идентификација на опремата за поддршка на текот на разменетите податоци [печатачи, EDI VAN (како сервис за поддшка)]
- Идентификација на сите учесници преку GLN броеви
- Унапредување на ефикасноста на приемниот процес на контејнерите како звирни единици за исполнување на барањата за следливост

## Фактори на успешноста

- Финансиска поддршка од GS1 Кина
- Високо ниво на спонзорство од страна на менаџментите на двете компании
- Поддршка од GS1 Организациите
- Комуникација и работни средби помеѓу сите учесници
.

## Conclusion

The project confirmed the usability of the GS1 Standards at the global level and allowed to align internal processes of each company to the traceability requirements, keeping in mind that the more automatic it is, the more the benefits and safety for the customers it brings.



## Бенефити и Поврат на Инвестициите за CASINO

Унапредување на ефикасноста на приемниот процес на контејнерските и правење на уште повеќе нарачки со зголемена ефикасност по електронски пат

Поврат на инвестициите во рок од само неколку месеци

## Наредни чекори:

CASINO ќе го финализира унапредувањето на ефикасноста на приемниот процес со цел целосно да се усклади со барањата за следливост. CASINO ќе го прошири овој процес и кон другите свои добавувачи откако ќе го завршат процесот на усогласување со стандардите и регулаторните барања, тренинзи и набавка на потребната опрема.

Покажаната професионалност на сите страни во овој проект е на завидно ниво, а несомнена е и големата поддршка од институциите на државите од кои потекнуваат компаниите, како и на GS1 и националните GS1 Организации.

## Бенефити за Кинеската држава:

Унапредување користење на меѓународниот систем за следливост на храната и GS1 Стандардите за следливост во кинески компании извознички на прехранбени производи.

## За GS1 Следливост

GS1 Следливост Решението обезбедува моќен сет на алатки за спроведување на следливост во синџирот на снабдување базиран врз основа на GS1 Системот на Стандарди.

GS1 Глобалниот Стандард за (GTS) го дефинра процесот на Следливост и минималните барања за сите системи за следливост независно од технологијата. GTS им овозможува на компаниите следење и влегување во трага на производите долж целиот пат кој го поминуваат низ синџирот на снабдување од еден до друг учесник во процесите, независно од јазичните или технолошките карактеристики.

Научете повеќе на следниов линк:
**www.gs1.org/traceability**